Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 ноември 2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Арка, со седиште на ул. „Битпазарска" бр.90/2 Скопје, ги исполнува условите за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3.Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Арка ДОО Скопје со седиште на ул. „Битпазарска" бр. 90/2 Скопје, поднесе Барање бр. УП1-13-647 од 4.9.2023 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Арка, со седиште на ул. „Битпазарска" бр. 90/2 Скопје, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-647 од 26.9.2023 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од прва категорија со пет ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 41-10994/ 6**
**14 ноември 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Даниела Давитковска
Проверил: Катерина Јаневска
Никола Пасков
Контролирал: Стојанчо Радичевски
Jetmira Maliqi
Согласен: : Снежана М. Пендовски
Зоран Брњарчевски
Одобрил: Tahir Hani

Прилог

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА
УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

# ИЗВЕШТАЈ

**за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување**
**Бр. УП1-13-647 од 26 / 09 / 2023 година**

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по барање бр. УП1-13-647 од 04.09.2023 година, поднесено од Арка Доо, со адреса ул. Битпазарска бр. 90/2 во Скопје за утврдување и исполнување услови за категоризација во угостителски објект Арка (вид на угостителски објект) хотел со предлог категорија од угостителот од 5 ѕвезди

изврши увид на предметниот објект при што го утврди следното:

Согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти при извршениот увид во хотел Арка во Скопје, комисијата констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од прва категорија со 5 ѕвезди.

Во врска со утврдената фактичка состојба присутното лице ги имаше следните забелешки:

| | | |
|---|---|---|
| Од наведеното се констатира дека објектот условите за бараната категорија | ☒ ГИ ИСПОЛНУВА | ☐ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА |
| Записникот е прочитан на присутните Странки и забелешки: | ☐ ИМА | ☒ НЕМА |

| Учесници во увидот | име и презиме | предложена категорија | потпис |
|---|---|---|---|
| Од Комисијата: | | | |
| 1. | Сунај Јакупов | | [signature] |
| 2. | Besim Muaremi | | [signature] |
| 3. | Љубинка Бојаџиева | | [signature] |
| 4. | Ивона Тасевска | | [signature] |
| 5. | Стојан Ј. Усеноски | | [signature] |
| 6. | Билена Мустафоски | | [signature] |
| 7. | Гонул Сали | | [signature] |
| 8. | Фехер Адеми | | [signature] |
| 9. | Славица Анѓелковска | | [signature] |
| 10. | Зорица Атанасеска | | [signature] |
| 11. | Сашо Максимовски | | [signature] |
| 12. | Горан Назов | | [signature] |
| 13. | Гулај Јашарова А | | [signature] |
| Од Барателот: | | | |
| 1. | Олга Чиковска | | [signature] |

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за угостителската дејност, решавајќи по барањето бр. УП1-13-647 од 04.09.2023 година, Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување донесе

**ПРЕДЛОГ ЗА КАТЕГОРИЈА**
**на угостителскиот објект за сместување**

1. Се утврдува дека угостителскиот објект Хотел Арка со седиште на адреса ул. Битпазарска бр. 90/2 Скопје ги исполнува условите согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти за Хотел од Прва категорија со пет (5) ѕвезди.

2. Составен дел од Извештајот е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кој се врши категоризација на угостителскиот објект.

3. Образложение од член од комисијата кој не се согласува со предложената категорија.

26.09.2023 год. Скопје
Датум и место

[signature]
Комисија за категоризација
**Претседател**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
*Скопје-Shkup*